*Slavia Meridionalis* 11
SOW, Warszawa 2011

**Валентина Миронска-Христовска**
Институт за македонска литература
Скопје

# Релациите меѓу Високата Порта и Охридската архиепископија во 18 век (причини за приближување и одделување)

Неканонското укинување на Охридската архиепископија на 17 мај 1767 година е чин кој оставил длабоки последици во македонската историја. Одлуката на Цариградската патријаршија – укинување на Охридската архиепископија – е клучната оска околу која се одвиваат и денешните негирања на Македонската Црква и на културно-историската традиција, на македонскиот народ, на македонската територија и на македонското име. Последователно на ваквата состојба, од денешна перспектива, ни се дава можност да го маркираме отворањето на македонско прашање, кое за жал не е решено првенствено поради политиката на нашите соседи.

Бидејќи укинувањето се случило за време на османлиското владеење со Македонија, произлегува предметот на темата, согледбата на релациите меѓу Високата порта и Охридската архиепископија. Македонија од 14 век територијално и административно се наоѓала под Високата порта додека духовно била самостојна (од 10 век). Непосегнувањето

по автокефалноста на Охридската архиепископија од страна на Високата порта овозможило низа придобивки во развојот на македонската средновековна писмена традиција (особено преку скрипторските центри) како и континуираното одвивање на словенската богослужба, како и низа други придобивки.

Периодот на османлиското владеење ќе го одбележиме како период во кој и покрај влијанието на туѓиот фактор во севкупното живеење, и покрај изразената верска, социјална, јазична и културна другост, македонскиот народ го сочувал својот идентитет. Поради тоа, а и во интерес на темата најнапред ќе направиме и кратки согледби на социјално-економските услови и на општествено-политичките настани пред 18 век.

Охридската архиепископија била една од водечките автокефални Цркви во Источната екумена. „Таа се карактеризирала со својата голема меѓубалканска соединувачка моќ и трпеливост меѓу народите"[1]. Секако дека поради ваквото мислење, и поради нејзиното минато и историја таа уживала висок углед и авторитет. Охрид бил духовниот центар и за време на османлиското владеење, а автокефалноста на Охридската архиепископија не била нарушена бидејќи за нив христијанството било вера која се наоѓала во книгата, во Библијата. Ваквиот однос на Портата кон Архиепископијата бил и поради тоа што таа имала доверба во охридските архиепископи, кои биле лојални и дипломати. Султанот Мурат I (1362–1389) на својот син Бајазид I му го дал советот да „води добри и пријателски односи со иновертните духовенства, особено со христијаните. Пази ги и признавај ги нивните верски обреди; почитувај ги нивните религиозни управници: патријарси, митрополити и епископи, како и раата-првенци. ... да одбегнуваш беззакони работи"[2]. Поради тоа Високата порта имала свој претставник – кадија, кој бил посредник меѓу Архиепископијата и Портата. „За време на изборот на нов архиепископ или хиротонијата на епархиски старешина (епископ или митрополит), со посредство на кадијата, посебно се издавал берат за секој архиереј. Притоа постојано се зголемувал подарокот (пешкеш), кој бил наменет за султанот"[3].

[1] И. Снегаров, *История на Охридската архиепископия-патриаршия*, т. 2, София 1995, с. V.

[2] Пак таму, с. 3.

[3] А. Трајановски, *Црковната организација во Македонија и движењето за возобновување на Охридската архиепископија од крајот на XVIII и во текот на XIX век – до основањето на ВМРО*, Скопје 2001, с. 24.

Во периодизацијата на процесот на раѓањето, развитокот и афирмацијата на македонската национална свест, од страна на Блаже Ристовски е забележан *Период на османлиското владеење во рамките на шеријатскиот систем и султановата супремација во мултиетничка, мултикултурна и мултиконфесионална унитарна монархија до крајот на XVIII век* – време на општо опаѓање на народот во економски, културен и државно-политички поглед, но со долготрајно зачувување на територијалната целовитост при еднакви животни услови и самостојност на духовното и економско-социјалното единство во пазувите на сопствената Црква (до 1767 година), со континуитетот на македонската митологија, името, традицијата, народната култура и јазикот, како и со постепени директни и индиректни допири со европските струења на идеите како претпоставки за процесот на националното будење[4].

Охридската архиепископија ја сочувала својата автокефалност и преку добиените султански привилегии кои ѝ овозможиле непречено да ја врши својата црковно-просвета дејност, а и било и овозможено и внатрешните и мирските проблеми да ги решава самостојно[5]. Ваквата состојба била последица на ангажираноста на Високата порта со завојувачките походи, па вниманието не и било толку свртено кон внатрешните проблеми на освоените територии, сѐ додека не настапило времето на порази и на економска криза[6].

Преку автокефалноста на Архиепископијата, Портата релативизирано ја реализирала својата цел – ослабнување на влијанието на духовната власт на Цариградската патријаршија, за што воедно на Архиепископијата и било дозволено и духовно водство преку проширувањето на

---

[4] Пак таму, с. 10.

[5] Како на пример семејно-брачните спорови или наследничките права биле регулирани од страна на црковните општини преку епархиските архиереи и нивните намесници. Притоа патријархот имал целосна контрола над православните цркви и нивните имоти, а свештениците биле под јурисдикција на нивните сопствени судови и биле ослободени од даноците; моќта на патријархот била голема.

[6] Се појавила потребата од такви институции кои ќе воделе грижа за одржувањето на редот и мирот како и за собирањето на државните и црковните давачки и такси. Црковните општини и понатаму егзистирале преку црковно-просветните и општествено-културните права преку кои ја регулирале социјалната политика, здравството, семејното право, решавањето на разни договори, наследните постапки, судско-админстративните права кои биле решавани според месните обичаи, црпени од каноните на црквата, односно од обичајното право. Види: А. Трајановски, *Црковно-училишните општини во Македонија*, Скопје 1988, с. 42.

нејзината диецеза[7]. Ваквиот однос на Портата кон Архиепископијата се должи и на нивната поединечна борба, а која може да ја ставиме под заеднички именител, против Римокатоличката црква, па со ширењето на диецезата на Архиепископијата всушност бил поставен обрачот против пробивот на католичката вера.

За соработката меѓу Високата порта и Охридската архиепископија влијаело и нѐ учеството на Архиепископијата во преговорите за унија (1437–1439) меѓу византискиот цар Јован VIII Палеолог и патријархот Јосиф и Римокатоличката црква[8]. Причина за приближување меѓу Портата и Архиепископијата наоѓаме и во времето на владеењето на контроверзниот[9] султанот Мехмед Освојувачот во 15 век; кој покажал голема почит кон културната традиција на поробените народи, сакал да создаде задоволно христијанско население, поради што дозволил поглаварот на Православната црква да бил избиран од Светиот синод, а потоа султанот да го одобрел, при што во почетокот ретко се мешал во изборот[10]. За независноста на Охридската архиепископија по паѓањето под османлиската власт, за нејзината независност од Цариград и Рим, за независниот изборот на архиепископот од страна на охридскиот кнез, наоѓаме и во забележаното од страна Натанаил Охридски: „речиси од 11 до крајот на 16 век духовните и мирските писатели ги споменуваат охридските архиепископи како независни”[11].

Сочувувањето на автономноста на Охридската архиепикопија до еден степен било овозможено и од фактот што Високата порта при-

---

[7] Првиот чин на проширување се остварил во почетокот на 15 век (1410) преку охридскиот архиепископ Матеј кој издејствувал од императорот Мануил Палеолог грамота за управување со Софиската и Видинската епархија, а кон средината на 15 век и се потчиниле Влашко и Молдавија; до 1557 година и делови од Пеќската патријаршија заедно со Пеќ, а од почетокот на 16 век, по заслуга на патријархот Прохор, извесно време и се потчиниле православните општини во Италија (Апулија, Калабрија и Сицилија), Венеција и Далмација.

[8] С. Димевски, *Историја на Македонската православна црква*, Скопје 1989, с. 199.

[9] Султанот Мехмед спроведувал дволична политика спрема христијанското население, поточно кон автокефалните цркви и нејзините поглавари се однесувал со почести и привилегии, а кон „рајата” во времето на мирот бил великодушен, но во времето на воени походи прибегнувал кон најсуровите мерки, со цел не толку да го уништи христијанското население, колку да го парализира секој отпор. Пак таму, с. 207.

[10] Б. Јелавич, *Историја на Балканот осумнаесетти и деветнаесетти век*, Скопје 1999, с. 57–59.

[11] К. Пловдивски, *Натанаил митрополит охридски и пловдивски (1802–1906)*, София 1952, с. 154–156.

знавала три милети: Рум милет, Ермено-грегоријански милет (двата православни) и Еврејскиот милет. Сите милети имале свој совет, свој верски водач и право на: употреба на својот јазик, исповед на својата вера, развој на својата култура и формирање на свои образовни институции. Познати биле и бекташите, и шиитите кои имале допирни точки со христијанството.

> Христијаните и Евреите биле сметани за посебен милети, на кои им било дозволено да ги задржат своите закони и обичаи, со извесни ограничувања. Нивните поглавари, кои ги потврдувал султанот, биле дел од званичната хиерархија на Царството и биле корисни за спроведување на одлуките на власта. Протераните Евреи од Шпанија пребегнале во градовите на Османското царство. Освојувачите ја зацврстувале Цариградската патријаршија како би го спречиле папството, поврзани со противосманлиската борба, да ги привлечат нивните христијански поданици во унијата. Турците не ги разбирале канонските финеси на автокефалноста, сметајќи ги сите православци како дел од Римскиот (Византискиот) милет. Помесните хиерархии со огорчување ја прифатиле заштитата од цариградскиот патриарх[12].

Верските поглавари биле незадоволни што Цариградскиот поглавар бил верски поглавар на сите христјани кои се наоѓале под османлиската власт. Наспроти тоа на Балканот, „исламот останал гранична религија, наоѓајќи се во постојан допир со христијанските верувања и ереси, со многу преобратени и прикриени христијани"[13].

Во османлискиот период Црквата, односно манастирите биле најголемиот носител на културата и традицијата. И покрај тоа што во Османлиското царство владеачка религија била исламот, власта не го спречувала постоењето на другите религии и црковни организации.

> До преди паданието на Охридската архиепископија, а особенно в патријархуванието на Јоасафово, училиштата били ц'втели. Но подир паданието ѝ и до Калиника, четв'ртиј охридски владика, след това падане, те били паднали на много ниско с'стојание така штото, когато на 1802 год. дош'л Калиник[14].

Ваквиот однос меѓу Охридската архиепископија и Високата порта всушност е опеан и во многубројните творби од 19 век. Поточно како што истакнува Ванчо Тушевски „Македонските писатели од XIX век

---

[12] К. С. Павловић, *Историја Балкана 1804–1945*, Београд 2004, с. 15.

[13] Пак таму, с. 15.

[14] К. Шапкарев, *Избор*, приредил Т. Тодоровски, Скопје 1984, с. 99.

нераскинливо се врзани со турската тема зашто за сето време на нивното живеење и творење политички господар на ова поднебје е Османската империја"[15], на што ние само ќе додадеме дека таа била не била присутна само за времето на 19 век, туку и на претходниот четиривековен период[16].

Манастирите биле главните подвижници во кои се одвивала книжевната и образовната дејност, а од 18 век калуѓерите започнале да отвораат и градски училишта. Значајно е што и зографите останале доследни на своето сликање; бележит бил развојот на сликарството; во резбарството се засилило влијането на ориенталните елементи; видни траги биле оставени во архитектурата; народната песна и црковното пеење во стилот на византиското пеење останале доминантни во развојот на музичката култура.

> Книгата имала значајно место во културниот живот на исламскиот свет. Уште во раниот период на турската власт во Македонија биле создадени ориенталски библиотеки при џамиите, медресите и теќињата. (...) Книжевниот фонд на овие библиотеки се состоел главно од книги со верска содржина[17].

Од посебно значење од овој период е и појавата и развојот на дамаскинарската традиција, која го овозможила употребата и ширењето на македонскиот народен јазик. Работата на скрипторските центри и одржувањето на словенските богослужби не биле попречени со што македонскиот народ можел непречено да го сочува своето пимено и духовно културно-историско богатсво.

Исто така и народната книжевност била создавана и пренесувана од генерација на генерација, без забрана на теми и мотиви, при што

[15] В. Тушевски, *Нова македонска книжевност*, Скопје 2008, с. 293.

[16] Светот на муслиманите од страна на нашите преродбеници според Тушевски бил сфатен преку повеќе начина: 1. Најнапред се издвојува сегментот на неутралното регистрирање на државниот господар преку записи и други слични белешки или публицистички текстови; 2. Заземање негативен став кон Турците кој најчесто доаѓал како реакција во постојниот триаголник меѓу нив и третиот кој севезден го клеветел – грчкиот клер; 3. Сликата на незавидната положба на христијанското население под Турците и 4. Прифаќањето на Турците, првенствено преку реформите, односно промените што се донесени преку Хатишерифот 1839 г. и Хатихумајунот 1856 г. Пак таму, с. 293.

[17] А. Стојановски, И. Катарџиев, Д. Зографски, М. Апостолски, *Историја на македонскиот народ*, Скопје 1988, с. 103.

особено се негувале темите од минатото; „Црквата и усмената поезија биле посредниците меѓу средновековното минато и селската култура”[18].

Интересни се и податоците за економската состојба, за развојот во тој период, за што е истакнато дека покрај падот и регресот на економско-социјалниот развој воопшто, сепак во втората половина на 15 век во Македонија ситуацијата била нормализирана и економскиот развој на земјата во наредниот период забележал многу виден подем[19].

Од средината на 16 век започнале нови структуирања и прегрупирања на европските земји. Започнале економски, идеолошки и социолошки промени, кои предизвикале многубројни воено-политички интервенции. Во тој период во прилог на османлиските интереси било ривалството меѓу големите европски сили, а условите станале дури и поволни за Османлиската империја откако католичка Франција станала еден од првите нејзини европски сојузници[20]. Додека пак грчкото православие кое било антизападно расположено, поради последиците од крстоносците, почнало да го менува својот став кон католичка Европа поради ветената помош во борбата против Османлиската империја.

Така што од втората половина на 16 век започнале да се појавуваат причините за одделување на Високата порта и Охридската архиепископија. Релацијата добивала неповолен развој преку настаните од 17 век, кој кулминирал во 18 век.

Всушност, откако османлиската власт завладеала со Македонија, таа започнала да спроведува мудра политика преку која сакала да создаде потпора во својот политички и општествен поредок, како и да го обнови разореното стопанство. Со текот на времето Портата започнала да ја спроведува колонизацијата на муслиманите[21], а потоа и исламизацијата, за кој може да кажеме дека била спроведувана во две фази:

---

[18] К. С. Павловић, цит. труд, с. 32–36.

[19] Како прогресивни тенденции Стојановски ги наведува развојот во рударството, во трговската размена, развојот на стопанството по селата, односно во стоково-паричниот однос, развојот на градското стопанство, појавата на дервенџиите итн., но при што не изаостанува и забележката за најдлабоките и најтрајните последици од османлиското освојување и владеење во балканските земји кои биле од демографски карактер. Види: А. Стојановски, *Македонија во турското средновековие*, Скопје 1989, с. 69.

[20] Тоа се случило откако францускиот крал Франсоа I (1515–1547) побарал од султанот Сулејман да го нападне неговиот хабсбуршки ривал Карл V (1519–1556). Види: Б. Јелавич, цит. труд, с. 37.

[21] Населувањето започнало од 15 век до средината на 16 век, при што биле населувани луѓе од Мала Азија и номадско-сточарско население од Анадолија (Јуруци и Коњари); големи јуручки санџаци биле формирани во Овчеполието и во околината

првата фаза била „доброволно”[22] додека втората присилна[23]. Но и на присилната исламизација македонскиот народ остро се спротивставувал бидејќи промената на верата ја сметал за предавство; па глобално земено македонскиот народ не ја сменил ниту верата, ниту јазикот, ниту идентитетот[24].

Ваквиот остар отпор бил поттдржуван и од Охридската архиепикопија на која народот и бил исцело поклонет, а треба да се одбележи и дека Портата не посегнала по самостојноста на црквата. Затоа и ќе истакнеме дека во отсуство на државност, улогата на Црквата била значајна бидејќи непишаните државни правила народот ги барал во нејзините канони, таа им давала истрајност и верба, со неа го идентификувале своето постоење, својот идентитет. Поради тоа ударот врз Црквата, бил удар врз народот и врз Македонија.

Но почетоците на економскиот пад на Османлиската империја започнале да се рефлектираат и врз релацијата меѓу Портата и Архиепископијата. Портата го започнала економскиот удар врз Архиепископија (со одземањето на црковни имоти, со пренебрегнувањето на поттикот на фанариотите за отцепувањето на некои епархии).

Бележито е дека со текот на времето кај словенските народи на Балканот сè повеќе растела довербата кон Русија[25] за ветената помош. Ова

---

на Солун. Во градовите биле сместувани претставиниците на османлиската световна и верска администрација, а градските тврдини биле претворени во воени гарнизони.

[22] Христијаните биле сметани за граѓани од втор ред, плаќале поголеми даноци, немале право да вршат државни и воени служби, немале право да носат оружје, да се облекуваат во определена облека и поради низа други социо-економски услови, тие „доброволно” преминувале во исламот.

[23] Оваа фаза била спроведувана со најпознатиот данокот во крв; потоа со рушењето на црквите и градењето џамии на нивно место; со забраната на употреба на црковните ѕвона; со грабањето на жени и девојки; преку масовно исламизирање на христијанските села особено во западна и југоисточна Македонија.

[24] Во оние места каде што била сменета верата, населението јазикот го задржал, а дел од лицата кои го прифатиле исламот долго време ги практикувале христијанските празници и обичаи, поточно дома биле христијани, а надвор биле муслимани. За ова не информира и Марк Мазовер кој наведува низа такви примери во кои е забележано таквото идентификување на луѓето: „ние сме муслимани, но на Богородица”. Види: М. Мазовер, *Балканот: кратка историја*, Скопје 2003, с. 88.

[25] За време на османлиското влијание врските меѓу Македонија и Русија се интензивирале и тоа во обратна насока. Ако до 13 век влијанието се движело од Македонија кон Русија, во почетокот на 13 век влијанието било во спротивна насока. Кај сите јужнословенски народи, па и во Македонија во книжнината, орнаментиката, црковното богослужие и литература, во црковната архитектура се чувствувало руското

секако се должело на опаѓањето на економската моќ на автокефалните Цркви на словенските народи (момент кој пак го искоритиле грчките архиереи за да и се доближиле на Високата порта за остварувањето на својата големогрчка идеја). Русија веќе прераснала во Империја, а кај Руската православна црква се родила идејата да стане предводник односно заштитник на православието и да прерасне во „третиот Рим"[26]. Секако дека поттик за реализација на оваа идеја, преку која ќе биле реализирани личните политички интереси на Русија, и дале загрозените православни цркви, бидејќи бројни архиереи и црковни лица оделе во Русија за да барале материјална помош од неа. Сведоштва се многубројните писма и документи во кои е забележано што се било пренесувано во Русија од нашето културно богатство, а за возврат била очекувана помош.

Истовремено, во втората половина на 16 век во Македонија се чувствувало и римокатоличкото влијание, поради честите трговски врски со Венеција, Џенова и Дубровник, а и поради лошата економска положба на Охридската архиепископија. Причината ја наоѓаме и во засилениот фанатизам кај османлискиот владател, кој почитта ја задржал само кон владиците кои биле одобрени од султанот, но кои и покрај таквата положба не можеле да го заштитат својот народ. Поради тоа нивните барања до запад не биле само за економска помош туку и за помош за ослободување од османлиската власт. Во историјата на македонскиот народ 17 век е познат како најтежок бидејќи било забрането да се градат храмови, камбаните не ѕвонеле, подобрите и од цврста градба храмовите биле ограбувани или претворани во џамии, даноците биле неподносливи, а биле убивани и црковни поглавари (во Константинопол и Пеќ)[27].

---

влијание, а црквата за одржувањето на православието и словенството на Балканот испраќала богослужбени книги. Види: Ј. Белчовски, *Интересот на Римската црква за источниот Илирк (со посебен осврт кон Македонија)*, [во:] *Годишен зборник*, кн. 9, ур. Р. Гроздановски, А. Гиревски, Скопје 2003, с. 98.

[26] На 23 јануари 1589 година, по многу дипломатски преговори, договори, интриги и лукавства, московскиот и рускиот митрополит Јов бил хиротонисан за руски патријарх, со што московската митрополија официјално станала патријаршија и автокефална црква, која во Цариград била потврдена најпрвин во мај 1590, а потоа и на 12 февруар 1593 година. Види: А. Трајановски, *Врските на Охридската архиепископија со Русија и со Руската православна црква низ грамотите од XVI до XVIII век*, [во:] *Зборник од Меѓународната конференција „Историја, историографија и настава по историја"*, ур. Б. Ристовска-Јосифовска и др., Скопје 2007, с. 167.

[27] Ј. Белчовски, цит. труд, с. 139–140.

Во историската наука наведени се низа писма и дипломатски посети на нашите големодостојници кои барале помош од западните земји од кои за пример ќе го наведем рефератот на архиепископот Атанасиј од 1615 година во кој барал странска помош за дигање востание против османската власт; тој од 1585 до 1650 година патувал и барал помош од италијанските, австриските и шпанските владетели за кревање востание[28]. Следува и еден записник на венецијанскиот Сенат, за некои акции во Европа од благородништвото на Македонија, од 26. 04. 1618 г., во кој е забележано: „Благородништвото на Македонија (The Nobility of Macedon) не сака да има ништо со кралот на Шпанија, откако слушна како тој лошо ги третирал своите поданици во Неапол и Сицилија"[29], кое пак сигурно е последователно на извештајот од 11 август 1607 г. од Марко Антонио Балби до Советот на десетмината на Венеција во кој е забележано дека Савојскиот војвода Карло Емануел I испратил свои доверливи луѓе: „во кралството Македонија и Албанија за да го утврдат, со некои старешини од споменатите кралства, начинот и времето на оддавање на верноста на Шпанија"[30]. Од изложено се гледа дека прифаќањето на идејата за унија со Римокатоличката црква не се одвивало лесно, најнапред поради љубовта кон православието и желбата да остане Охридската архиепископија автокефална.

Ваквите политички, економски и воени услови вешто биле користени од страна на фанариотите како за остварување на своите цели така и за заладување на односите меѓу Портата и Архиепископијата. Истовремено започнало одделувањето на другите православните епархии од диецезата на Охридската архиепископија[31]. Може да истакнеме дека борбата со Цариградската патријаршија била најтешка, отсуствувал дијалогот, а владеел императивот преку кој Патријаршијата сакала да стане водечка црква

---

[28] *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, т. 1, ред. Х. Андонов-Полјански, В. Брезоски, И. Катарџиев, Б. Панов, А. Христов, Скопје 1981, с. 145.

[29] Пак таму, с. 147.

[30] Пак таму, с. 145.

[31] Во почетокот на 16 век влашката митрополија ѝ се подредила на Цариградската патријаршија; во 1530 г. смедеревскиот митрополит Павле ја отфрлил власта на Архиепископија; во 1557 г. Пеќската патријаршија била обновена, а се откинале Тетово, Скопје, Штип и Горна Џумаја; во 1575 г. православните од Далмација и Венеција ја примиле јурисдикцијата на Цариградската патријаршија, а во почетокот на 17 век Охридската архиепископија ги изгубила и епархиите во јужна Италија. Види: *Историја на македонскиот*..., с. 83.

на Балканот и воедно да го наметнела грчкиот јазик и грчката култура на христијаните на Балканот и со тоа да извршела асимилација врз нив, бришејќи ги сите историско-културни траги на нивното постоење. Поради и тоа охридските поглаварите стапиле во црковна дипломатија за одбрана на независноста и самостојноста на Охридската архиепископија, а со тоа воедно и на идентитетот на македонскиот народ.

Сето тоа влијаело и да започне поделбата и во самата Охридска архиепископија. Синодот, кој го избирал архиепископот, го сочинувале сите епархиски архиереи; за покрупните прашања се одлучувало на архиерејски собор, а за општонародно-црковните прашања одлучувал црковниот собор. Расцепканоста доаѓала од тоа што дел од архиепископите биле поткупливи и алчни за пари, а дел биле лојални на Охридската архиепископија.

Започнатите комплексни перипетии од 16 во 17 век го доживеале својот заплет кој донел крупни промени на европската политичка сцена. Во 1676 година бил сменет наклеветениот архиепископот Теофан од седум погрчени владици со што бил продлабочен јазот меѓу фанариотите и автохтонистите; се почести биле смените на архиепископите поради лошите финански состојби кои особено произлегувале кога на престолот се наоѓале Грци (целта можеби бил личниот, но можеби и фанариотскиот интерес). Од друга страна односите меѓу Русија и Османлиската империја сѐ повеќе се влошувала. Во 1684 година била создадена Света лига во која влегле Австрија, Полска, Венеција и Русија против Османлиската империја[32]. Австро-турската војна и Карпошовото востание (1689) уште повеќе ја отежнала состојбата во Македонија. Од една страна завладеале феудалната анархија, арамиството, ајдутството, започнало напуштање на селата, а од друга заживеале градовите, па во 18 век започнало менување на етничките структури на градовите т.е. нивно македонизирање[33].

Верската и народносната дискриминација станала изразена во 18 век, кога во Османлиската империја поимот раја станал синоним за поребеното христијанско население. Во 18 век османлиската држава била изградена врз концептот на „света војна"; нејзината цел била проширување и одбрана на исламот, но која и покрај нагласката на верската

---

[32] Пак таму, с. 92.

[33] Започнал развој на градското стопанство, на занаетчиството и трговијата; раководството на еснафите поминувало во рацете на Македонците; македонските трговци ги зајакнале врските со надворешниот свет, особено со италијанските градови, со Венеција и Австрија. Пак таму, с. 97.

војна, целта не и била уништување на народите, туку нивно освојување и доминација на начин што би одел во полза на исламот[34], политика која била водена и од другите европски народи, религијата била поставена во политички контекст. Ситуацијата се влошувала и со економскиот пад на империјата од 17 век кој силно се рефлектирал во 18 век. Животот во провинциите го карактеризирале безредија, завладеале корупцијата, интригите, купливоста на високите места. На пример во почетокот на 18 век цената за избор на патријарх изнесувала 5.600 златни фунти[35], со што им бил отворен патот на фанариотските претензии.

Од почетокот на 18 век (1711) потреба од христијаните на Балканот имал и Петар Велики, кога повторно стапил во војна со Османлиите. Од друга страна Грците биле единствените кои биле поналонети кон Османлиите, бидејќи на Западна Европа и забележала за протежирањето на италијанските трговци, а влијаел и венецијанскиот обид – да ги католизирале православните.

Комплексноста се зголемила и поради интересот на Русија за грчките области, како од економски така и од верски интерес. На добро ниво била и релацијата меѓу Русија и Цариградската патријаршија. Во прилог на руската политика за остварувањето на својата цел – поделба на османлиската територија – и оделе и здобиените права во рамките на царството од претходните мировни и трговски договори, од кои најголемо значење имала одредбата за именувањето на конзули, кои обично биле Грци и имале канцеларии во главните градови низ грчките провинции. Грчките бродови со одредба можеле да го истакнуваат руското знаме, со што ја добиле заштита од Русија и нејзините трговски привилегии. Грчките бродови доминирале и во трговијата на Средоземјето, а и новото руско пристаниште Одеса станало главен грчки центар со влијателно трговско население; односите на Русија со Цариградската патријаршија продолжиле, па црковните водачи, фанариотите и трговците очекувале поддршка од Санкт Петербург[36].

[34] Така што ако еден регион или град се предале без отпор, населението можело, доколку сакало, да ја задржи својата вера и до голема степен локалната власт; имотот бил одземан како плен; преминувањето во ислам ретко било принудно; немуслиманското население плаќало дополнителни даноци, односно поделбата се вршела според верска основа и според општествената позиција и функција на луѓето во рамките на заедницата, група во која се наоѓале и високите претсавници од христијанското општество, како на пример патријарсите. Види: Б. Јелавич, цит. труд, с. 45–46.

[35] Пак таму, с. 60.

[36] Пак таму, с. 93.

Во исто време Високата порта имала толку воени и дипломатски активности (1710 војна со Русија, по успехот Портата продолжила во војна со Венеција на која и се придружила Хабзбуршката монархија, потоа војувала со Персија, па повторно со Русија, па повторно со Персија, извесен период настапил мир, но во 1768 повторно завојувала со Русија итн.) поради што на внатрешните проблеми на завладеаната територија, како што веќе истакнавме, како да не водела сметка. Дури како и да не ја забележала големогрчката идеја, желбата да завладее со Балканот, при што Патријаршијата во почетокот на 18 век посебно го фокусирала својот интерес кон Македонија, за што доста значајна улога со својата дејност одиграл грчкиот преродбеник Евгениј Вулгарис кој дејствувал во средината на 18 век[37]. Желбата на грчката политика не било всушност само укинувањето на Охридската архиепископија, туку преку тој чин таа би посегнала по суверeноста на македонскиот народ и на Македонија бидејќи „Историјата на Охридската црква е историја на осумвековната духовна независност, би кажал на духовната сувереност на Македонија. Автономниот дух на Македонија не е нов, туку е рожба на нејзиниот историски живот. Тој бил развиван од автокефалната Охридска црква"[38].

Во прилог на грчката политика било и тоа што во втората половина на 18 век грчките колонии во Европа станале едни од најбогатите што всушност ја воделе трговијата со Османлиската империја; тие имале превземено три четвртини од француската трговија со Ориентот, а слична била ситуацијата и во Русија, Австрија, Германија и Италија; грчката трговска флота во 1764 година имала силно вооружени 615 бродови[39].

Во 18 век фанариотите успеале со поткупување на османлиските чиновници да бидат назначени на високи црковни функции во Патријаршијата, преку кои како претставници на православните поданици во Империјата биле вклучени и во нејзиниот политичко-административен живот. Така што тие не само што влијаеле врз политиката на султанот кон православното население, туку тие ја преорјентирале и политиката на Патријаршијата „од универзалистичка кон национална".

---

[37] Со собраната парична помош од грчките трговци од Австрија и Унгарија, до 1762 година успеал да отвори десет грчки гимназии во Кожани, Шатиста, Лерин, Костур, Солун и Битола. Види: С. Димевски, *За развојот на македонската национална мисла до создавањето на ТМОРО*, Скопје 1980, с. 35.

[38] И. Снегаров, цит. труд, с. VI.

[39] Б. Ристовски, *Столетија на македонската свест*, Скопје 2001, с. 92.

Од севкупната состојба во и со Империјата незадоволството кај христијанското население растело. Фанариотите ја убедувале Портата дека тие ќе ги спречеле нередите. Истовремено успеале да ги тргнат италијанските трговци од Цариград и ја зајакнале својата позиција, станале „банкари на Портата и советници на Патријаршијата" образувајќи ја т. н. група на фанариотската православна аристократија[40], која добила привилегиран статус не само во однос на православните туку и во однос на повеќето муслимани. Поточно тоа биле фанариотите кои успешно го имале издигнато својот статус; биле именувани на должности во османлиската бирократија без да ја сменеле верата (станувале советници во установи кои работеле со надворешниот свет, со свои пари и влијание ја помагале Патријаршијата, ја воделе нејзината администрација и финансии) со што ја политизирале и до еден степен успеале да ја стекнат контролата над црковните институции, биле инволвирани во работата на Патријаршијата и нејзината политика. Моќта на фанариотите, која се ценела по богатсвото, била толку силна што тие успеале во своите редови да приклонат и „хелинизирани италијански, романски и албански семејства"[41], а за возврат Високата порта „не само што им го овозможила идентитетот туку и чувството за историско траење преку единствената врска со Византија"[42]. За обнова на Византија копнееле и фанариотите и патријарсите. Патријархот се заколнал на верност на султанот, поради што се појавила подвоеност меѓу богатите слоеви на Православната црква и населението во провинциите и нивните свештеници.

Фанариотите успеале да се стекнат и со уште една значајна привилегија. Поради ослабената воена и економска моќ, Портата била принудена да прифати да се сретне со европските сили под нивни услови, па за преговорите била потребна врвна дипломатија. Грците кои имале филијали насекаде и кои одлично ги владееле европските јазици биле тесно поврзани со европските земји, поради што грчките агенти биле назначени да ја извршуваат функцијата на драгоман – симултан преведувач[43].

---

[40] К. С. Павловић, цит. труд, с. 26–27.

[41] Б. Јелавич, цит. труд, с. 63.

[42] К. С. Павловић, цит. труд, с. 37.

[43] Со овој чин, Грците се стекнале со контрола над главните функции во османската администрација: должноста на голем драгоман, кој станала нешто слично на постојан секретар за надворешни работи; драгоман на морнарицата, кој бил посредник меѓу големиот адмирал на морнарицата и грчките острови; и намесничките функции во двете романски провинции: Влашко и Молдавија. Б. Јелавич, цит. труд, с. 63–64.

Низата придобивки кои ги стекнале фанариотите, како во внатрешната така и во надворешната политика, ги користела за остварувањето на своите и за интересите на Патријаршијата која под своја контрола ги имала Пеќската патријаршија, Охридската архиепископија, Бугарската црква, Молдавија и Влашко. На Балканот единствено својата независност ја задржала црквата на Црна Гора. Но сепак, интересот на Патријаршијата најмногу бил насочен кон Охридската архиепископија, поради што започнала сè повеќе да се меша во нејзината работата, а при што имала силно влијание врз Височата порта. Грчките патријарши често пати пред Портата ги клеветеле македонските поглавари и архиереји дека не работеле во нејзин интерес. Автохтоната струја и покрај ваквите околности правела напори да го сочува автокефалниот статус на Охридската архиепископија. Архиепископот Јоасаф успеал цели 26 години, од 1719 до 1745, да им зададе тежок удар на фанариотите, дури се одбранил и од нападите на Ипсиланти. По неговата смрт настапиле најтешките моменти за опстанок, бидејќи поради низата полтички околности пред тоа, особено преку клеветите од страна на фанариотите, Архиепископијата започнала да ја губи довербата кај Портата, па одделни нејзини епархии започнале да избираат архиереи Грци, а се воделе и тешки борби околу поглаварското место. Така што во мај 1763 година Цариградскиот патријарх неканонски го донел на престолот на Охриската архиепископија јероманахот Ананија, кој сепак не бил прифатен во Охрид и автохтонистите успеале да го назначат за поглавар пелагонискиот митрополит Арсениј на Архиепископијата.

Но и покрај тоа патријархот Самуил I успеал на 16. 01. 1767 година да ја добие „доброволната" оставка на Арсениј. Било издејствувано и ираде од султанот Мустафа III со кое се озаконило укинувањето на Архиепископијата и присоединувањето на нејзините епархиите кон Цариградската патријаршија. Била укината и Охридската епархија, градот Охрид му бил потчинет на драчкиот митрополит, било заменето словенското име Охрид со античкото име Лихнидос, започнала смената на месните епископи со што започнала употребата на грчкиот јазик[44].

Укинувањето на Архиепископијата е политички чин бидејќи доколку тој чин го сакала Височата порта од верска причина можела да го направи тоа и порано, уште со нејзиното завладување на нашите простори. Воедно доколку постоела таа тенденција Портата и немала да дозволи токму Охридската архиепископија да била најмоќна во 15 и 16 век,

[44] *Историја на македонскиот...*, с. 98.

а можела да се повика и на други причини како на пример на лошата економска состојба; но тоа не го сторила бидејќи тоа би требало да го направи и со другите православни цркви, кои биле во истата состојба и кои се наоѓале под незина територијална управа. Согледани вака состојбите ни дава за право да забележиме дека укинувањето на Охридската архиепископија било политичка одлука во новото времето, во времето кога започнало формирањето на држави и нации, во времето кога за стекнување на тој кредибилитет народите – нациите започнале да ги конструираат своите истории и митологии богати со историски настани, ликови и воени походи.

## Relacje pomiędzy Wysoką Portą a arcybiskupstwem ochrydzkim w XVIII wieku (powody zacieśniania i rozluźniania wzajemnych stosunków)


### Streszczenie

Niekanoniczna likwidacja arcybiskupstwa ochrydzkiego 17 maja 1767 roku okazała się wydarzeniem brzemiennym w skutki dla historii Macedonii. Decyzja patriarchatu w Carogrodzie o jego likwidacji stała się punktem odniesienia, wokół którego koncentrują się problemy współczesności – od negowania istnienia Macedońskiego Kościoła Prawosławnego, kulturowo-historycznej tradycji macedońskiej, narodu macedońskiego, terytorium państwa oraz jego nazwy własnej. Ciągłość tej sytuacji z dzisiejszej perspektywy daje możliwość podkreślenia problemu macedońskiego, który nie został rozwiązany w wyniku polityki, jaką prowadziły sąsiednie państwa.

Likwidacja arcybiskupstwa nastąpiła w okresie panowania osmańskiego, co pozwala na ukazanie relacji kształtujących się pomiędzy Wysoką Portą a arcybiskupstwem ochrydzkim. Ziemie macedońskie od XIV wieku znajdowały się pod terytorialną i administracyjną jurysdykcją państwa osmańskiego, utrzymywały jednak od X wieku niezależność religijną.

Autokefalię arcybiskupstwa ochrydzkiego wobec Wysokiej Porty umożliwiała średniowieczna tradycja piśmiennicza (skupiona głównie wokół ośrodków skryptorskich), kontynuacja liturgii w języku słowiańskim oraz zachowanie języka, którym posługiwali się słowiańscy mieszkańcy ziem macedońskich.

Pogorszenie relacji pomiędzy arcybiskupstwem a Portą nastąpiło pod koniec XVII wieku i na początku wieku XVIII, kiedy imperium osmańskie było maksymalnie zaangażowane w politykę i wojny prowadzone w Europie, kiedy słabło ekonomicznie. Tymczasem fanarioci wzmacniali swe pozycje w patriarchacie w Carogrodzie, zyskiwali też na znaczeniu w wewnętrznej i zewnętrznej polityce państwa. Działania, jakie podejmowali wobec biskupów ochrydzkich, okazały się na tyle skuteczne, że zaczęli wypierać hierarchów macedońskich z ich stanowisk. Fanarioci stawali się coraz większą siłą finansową – zyskali uprzywilejowany

status w handlu na Bałkanach, w Rosji i w Europie, otrzymali również liczne przywileje, jakie zapewniała im funkcja oficjalnych tłumaczy (dragomanów) w rozmowach pomiędzy Portą a państwami europejskimi. Wszystko to wykorzystywali do realizacji swoich celów politycznych – likwidacja arcybiskupstwa w Ochrydzie miała być krokiem do urzeczywistnienia Megali Idei, prowadzącym do asymilacji ludności ziem macedońskich poprzez wprowadzenie liturgii w języku greckim, asymilację dziedzictwa kultury, języka i tożsamości.

## Relations between the Sublime Porte and the Archbishopric of Ohrid in the 18th century (reasons for rapprochement and estrangement)

**Summary**

Non-canonical abolition of the Ohrid Archbishopric on May 17, 1767 is an act that made deep impact in Macedonian history. The abolition of the Ohrid Archbishopric, conducted at the discretion of the Constantinople Patriarchate – is the key axis around which present denials of Macedonian Church revolve together with the denial of historical cultural tradition of Macedonian nation, Macedonian territories and Macedonian name. As a result of this situation, from today's perspective, we are given the opportunity to highlight the raising of Macedonian question, which unfortunately hasn't been resolved primarily due to the politics of our neighbours.

Since the abolishment occurred during the Ottoman rule in Macedonia, the subject matter results from it as well as the consideration of relations between the Sublime Porte and the Ohrid Archbishopric. Ever since the 14th century Macedonia was territorially and administratively under the Sublime Porte, where as spiritually it was independent (as of the 10th century). The Porte not interfering with the autocephaly of Ohrid Archbishopric provided a range of benefits to the development of Macedonian medieval written tradition (notably by scriptor centers), the continued development of Slavic church services, the development of other cultural spheres as well as preservation of Macedonian folk language and Macedonian beat.

The key turning point in deteriorated relationship between the Archbishopric and the Porte occurred in the late 17th or early 18th century, when the Porte was highly engaged in European political and military events, when its economic power declined, when phanariotes strengthened their positions as Constantinople Patriarchate and in the external and internal politics of the Ottoman empire. Their propaganda against Ohrid church superiors was so successful that triggered frequent replacement of archbishops, their financial power was so great that they became leaders in trade on the Balkans, Russia and Europe, they acquired range of privileges, one of the key being that they were official interpreters – dragomen in negotiations between the Porte and European powers. They used it all to achieve their political goal – abolition of the Ohrid Archbishopric, an act through which they tended to realize their Megali Idea for the process of which they began assimilation that interfered with church services, cultural heritage, language, identity and the territory of Macedonian people.